# COMEDIA FINITA EST!

Златко ТЕОДОСИЕВСКИ

**Не се залагам за отстранување на споменикот на Мајка Тереза! Но, ова не ни се случува првпат. Како сè уште да не можеме да се ослободиме од провинцијалниот начин на водење на работите, од онаа ситна селска итроштина дека кучињата лаат, а карванот си оди**

Комедијата навистина заврши. Онака како што прилега за култ-урна комедија: со говори, поклонувања, спуштање односно кревање на завесата, аплаузи... и споменикот едноставно - никна. На ура, наспроти сè, божем во почит на Мајка Тереза, а всушност во слава на поединечни лични култ-ови.

На поклонение на комедијата дојдоа најрелевантните, почнувајќи од претседателот на државата г. Глигоров, па до сите актуелни претседателски кандидати: Васил Тупурковски, Стојан Андов, Тито Петковски, Борис Трајковски... Во времето на деполитизацијата на културата, одамна не сме виделе толку високи политичари заедно на едно место, и тоа на култ-урен чин!

Дури, претседателот Глигоров се поклони пред споменикот!? Се поклони - кому: на Мајка Тереза или на споменикот? Да веруваме - на Мајка Тереза, зашто втората варијанта би била премногу недостојна, особено за еден претседател! Но, поклонението, не само неговото туку и на сите високи македонски политичари присутни на самото место, можеше да биде изведено и на изложбата посветена на Мајка Тереза. И ќе беше подостоинствено. Поради следното:

Мислам дека претседателот на државата и другите највисоки политичари не мора да го читаат „Дневник", а особено не моите текстови во весникот. Но, некој од нивните кабинети веројатно нешто прочитал, наслушнал, му дошепнале... дека не е баш сè толку чисто со споменикот што се подготвуваше да никне среде Скопје. И тие некои во кабинетите веројатно ги предупредиле своите шефови. Наспроти сè, сите дојдоа на поклонение! На поклонение на - дивоградба!(?) (Како ли во претстојната кампања ќе се залагаат за владеење на правото, за почитување на законите, за правна држава итн.?).

За да не биде напишано неаргументирано сево ова, неопходни се неколку цитати од Законот за споменици и спомен-обележја, донесен уште во далечната 1982 година. Имено, во членот 5 од тој закон децидно пишува: „за настаните и личностите... што треба да се одбележат со споменик се изготвува програма". Па членот 6 детално ја опишува содржината на таа програма (настаните и личностите на коишто ќе им биде подигнат споменик, видот на споменикот, локацијата, основните елементи на текстот на споменикот итн.), членовите 11-16 ја пропишуваат постапката за подигање споменик содржан во оваа програма (формирање одбор, јавен конкурс, јавно изложување на пристигнатите проекти) итн. Програмата за којашто зборува Законот е донесена од страна на Собранието на СРМ („Сл. весник на СРМ" бр. 46/86 и 46/88), и во неа се прецизирани сите споменици што треба долгорочно да се подигнат во Македонија, со точни локации, други елементи и слично. Во неа, се разбира, го нема овој споменик.

Но, наведената Програма не е света книга дадена еднаш засекогаш. Во неа е предвидена можност за дополнување со нови споменици, според одредена постапка. Тогаш, во што е проблемот? Зошто иницијаторите на споменикот на Мајка Тереза не покренале постапка за дополнување на таа Програма, како единствен валиден законски документ според којшто кај нас може да се подигне јавен споменик? Тоа е едноставна процедура што можела да се заврши за месец-два (а за овој споменик се говори повеќе од шест месеци!) и сè да биде - легално! Не верувам дека некој во Собранието на РМ би бил против таков ЛЕГАЛЕН споменик. (Убеден сум дека и Мајка Тереза така ќе се чувствуваше подобро!).

Но, ако не е почитувана една до баналност едноставна процедура, значи има „квака 22", има - нешто друго!? Што? Дали е тоа, на пример, обврската за јавен конкрус? Па ќе се јават и други уметници со свои проекти, па ќе има комисија, па... којзнае!? Но, тука веќе би навлегле во сферата на фикциите.

Сепак, она што е цврста и неумолива реалност е следното: членот 30 од веќе споменатиот Закон за споменици и спомен-обележја вели: „со парична казна од 30 до 90 плати ќе се казни за прекршок организација на здружен труд, друга самоуправна организација и заедница и здружение на граѓани ако подигнат споменик или спомен-обележје што не се содржани во програмата од член 5 или во програмите од член 18 на овој закон, а споменикот односно спомен-обележјето ЌЕ БИДЕ ОТСТРАНЕТО" (подвлеченото е мое)!!!

И сега - што? Сите и понатаму ќе се прават/правиме недоветни како и на свеченоста на откривањето на споменикот? Ќе поминуваме покрај него, ќе го гледаме ама нема да го виѓаваме? Ќе постои, а како да не постои? Секоја година, на одреден ден, делегации ќе полагаат цвеќе? Комедијата, сепак, никако да заврши!

За да не бидам разбран погрешно: не се залагам за отстранување на споменикот на Мајка Тереза! За него се дадени големи пари, вложен е напор, светицата апсолутно заслужува споменик (локацијата е друго прашање)... и на крајот на краиштата, тоа е, сепак, некакво уметничко дело. Но, ова не ни се случува првпат, а како што одат работите, нема да биде ниту последен. И тука можеби е основниот проблем со овој случај. Зашто, ако може еднаш, може секогаш! Како сè уште да не можеме да се ослободиме од провинцијалниот начин на водење на работите, од онаа ситна селска итроштина дека кучињата лаат, а карванот си оди, од бригадирскиот дух со ура да ѝ пристапуваме на културата. Ако се однесувавме на тој начин во еден предолг период, кој го нарекуваме социјалистички, зошто тоа трае - до денес? Или, всушност: ништо не се изменило?!

**(Авторот е историчар на уметноста)**

11, септ 1997, 9, Дневник